# ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ПО ЈАВЕН ПОВИК бр. 04/2022

**за избор на вршител на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија**

## I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Во согласност со член 51 став (2) од Законот за енергетика, односно поради престанок на лиценцата за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија на досегашниот вршител на дејноста, Владата на Република Северна Македонија (во продолжение: Влада), на предлог на Министерството за економија и Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во продолжение: Регулаторна комисија за енергетика), спроведува постапка за избор на вршител на енергетската дејност дистрибуција на на топлинска енергија.

## II. ОПИС НА ПРЕДМЕТОТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на овој  јавен повик е избор на вршител на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија како јавна услуга за потребите на потрошувачите на подрачјето на дел од градот Скопје и тоа: Општина Аеродром, дел од Општина Гази Баба, Општина Ѓорче Петров, Општина Карпош, Општина Кисела Вода, Општина Центар и Општина Чаир.

Подетален опис на предметот на овој повик, односно обврските на избраниот вршител на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија е даден во точка XIII од оваа тендерска документација. Состојбата на пазарот на топлинска енергија, со осврт на подрачјето на дел од градот Скопје за чиишто потрошувачи ќе се врши енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија е даден во Прилог 3 на оваа тендерска документација.

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавниот повик имаат сите правни лица регистрирани во Република Северна Македонија и ги исполнуваат критериумите за утврдување способност од оваа тендерска документација.

Право да достави понуда има и група на понудувачи, вклучувајќи ги и привремените здружувања, без обврска за здружување во соодветна правна форма. Ако понудата на групата понудувачи е избрана за најповолна, групата на понудувачи е должна да се здружи во посебна правна форма, односно да основа трговско друштво и да го достави решението за упис до Владата на Република Северна Македонија во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката за избор.

Составен дел од групната понуда е Договорот за поднесување групна понуда со кој членовите во групата меѓусебно и кон Владата на Република Северна Македонија се обврзуваат да ги преземат дејствијата наведени во оваа тендерска документација. Договорот за поднесување групна понуда треба да ги содржи следниве податоци:

- членот на групата кој ќе биде носител на групата, односно кој ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата, и
- членот на групата кој во име на групата понудувачи ќе ја обезбеди банкарската гаранцијата на понудата.

Сите членови на групата на понудувачи се поединечно и заеднички одговорни пред Владата на Република Северна Македонија за извршување на своите обврски.

Понудувачот во рамките на конкретната постапка може да учествува само во една понуда. Понудите ќе бидат отфрлени ако понудувачот:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна понуда.

Лицата кои учествувале во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група на понудувачи во постапката за избор на вршител на дејност.

## IV. ПРИМЕНЛИВИ ПРОПИСИ

Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и подзаконските акти донесени или одобрени од Регулаторната комисија за енергетика кои се однесуваат на пазарот на топлинска енергија (Правилникот за регулирање за цени за топлинска енергија и системски услуги, Правила за снабдување со топлинска енергија, Тарифни системи, Правила за квалитет, Мрежни правила за дистрибуција на топлинска енергија и други применливи прописи).

При подготовка на својата понуда, понудувачот треба да ги има предвид важечките прописи од областа на даноците и другите јавни давачки, работните односи, работните услови и заштитата при работа. Сите прописи може да се најдат во соодветните изданија на „Службен весник на Република Северна Македонија“. Дополнителни податоци во однос на важечките прописи од горенаведените области, понудувачот може да добие од Министерство за економија (Сектор за енергетика), Управата за јавни приходи, Царинската управа и Министерството за финансии (за даноците и другите јавни давачки), Министерството за труд и социјална политика (за работните односи, работните услови и заштитата при работа).

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТ НА ПОНУДУВАЧИТЕ

Во постапката за избор понудувачите треба да ги исполнат критериумите за утврдување на способност и тоа:

- непостоење на причини за исклучување од постапката,
- способност за вршење професионална дејност,
- економска и финансиска состојба и
- техничка и професионална способност.

### V.1. Непостоење на причини за исклучување од постапката

Комисијата за спроведување на постапката го исклучува од постапката економскиот оператор доколку утврди дека на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик:

- учество во злосторничко здружување,
- корупција,
- затајување даноци и придонеси,
- тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности,
- перење пари и финансирање тероризам и
- злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе.

Комисијата за спроведување на постапката го исклучува од постапката економскиот оператор:
а) кој има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
б) кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;
в) на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
г) на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
д) на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност или
ѓ) кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

Во случај на група понудувачи, сите членови на групата поединечно докажуваат дека не постојат причини за исклучување од постапката.

Бараната документација не смее да биде постара од шест месеци сметано од крајниот рок за поднесување на понудите и се поднесува во оригинал или во копија заверена од понудувачот со потпис на одговорното лице, со назнака „Верно на оригиналот“.

### V.2. Способност за вршење на професионална дејност

Критериумот способност за вршење на професионална дејност го исполнува понудувачот чијашто регистрирана претежна дејност (главна приходна шифра) е од класата 35 (снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација) од Националната класификација на дејности.

За докажување на исполнување на критериумот за вршење на професионална дејност, понудувачот поднесува документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како

правно лице, издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија, кој не смее да биде постар од една година сметано од крајниот рок за доставување на понудите и се поднесува во оригинал или во копија заверена од понудувачот со потпис на одговорното лице, со назнака „Верно на оригиналот“.

**V.3. Економска и финансиска состојба**

За да се квалификува како способен за вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија, од аспект на неговата економска и финансиска состојба, понудувачот треба да го исполнува следниот услов:

- остварен минимален вкупен кумулативен приход од 3.000.000.000 денари во последните три години (2019, 2020 и 2021).

Доколку понудувачот ја врши дејноста во период помал од три години, минимален услов за утврдување на економската и финансиската состојба е понудувачот да го остварил условот – приходот во годините за кои постојат податоци.

Понудувачот го докажува исполнувањето на минималниот услов со доставување на извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија за последните три години (2019, 2020 и 2021). Доколку билансите на состојба и успех биле предмет на комерцијална ревизија, понудувачот може да ги достави истите како доказ дека го исполнува минималниот услов за утврдување на економската и финансиската состојба без да бидат дополнително заверени од надлежен орган.

Економската и финансиската способност на понудувачот може да биде поддржана од друг субјект, без оглед на правните врски меѓу понудувачот и тој субјект. Ако понудувачот ја докажува својата економска и финансиска способност повикувајќи се на поддршката од друг субјект тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање на понудувачот соодветните финансиски средства. Субјектот кој ја обезбедува финансиската поддршка мора да ги исполнува потребните услови за квалитативен избор и да не постојат причини за негово исклучување.

Ако понудувачите поднесат понуда како група на понудувачи, економската и финансиската состојба се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови на групата. Ако групата на понудувачи настапува со финансиска поддршка од трет субјект, економската и финансиска состојба се утврдува согласно претходно наведеното.

**V.4. Техничка или професионална способност**

За да се квалификува како способен за вршител на дејност дистрибуција на топлинска енергија од аспект на неговата техничка или професионална способност, понудувачот треба кумулативно да ги исполнува следниве минимални услови:

- да е сопственик на систем за дистрибуција на топлинска енергија или врз основа на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за изградба на нов систем или договор за јавна услуга, управување, користење, одржување и проширување/надградување на

постоечки систем за дистрибуција на топлинска енергија, кој се однесува на дел од градот Скопје, согласно точка II., од Тендерската документација.

- да располага со технички кадар кој ќе учествува во извршувањето на јавната услуга и тоа:

  - најмалку 15 (петнаесет) лица, машински или електро инженери со најмалку три години работно искуство во дејноста дистрибуција на топлинска енергија и
  - најмалку 50 (педесет) лица со средно стручно образование коишто најмалку три години искуство во непосредно ракување со енергетските уреди и мрежни постројки со кои се врши дејноста дистрибуција на топлинска енергија, и

- да располага со (има во сопственост или има лиценца за користење) систем за контрола, одржување и отчитување на мерните уреди.

Понудувачот го докажува исполнувањето на наведените минимални услови од точка V.4. алинеја 1 со доставување на следните документи:

- имотен лист/листови од Агенција за катастар на недвижности како доказ за правото на сопственост, или право на трајно користење на основните средства преку кои ја врши дејноста или
- имотен лист од Агенција за катастар на недвижности со прибележан договор за закуп и договорот за закуп како доказ за правото на користење на основните средства преку кои ја врши дејноста или
- договор за користење на основни средства преку кои ја врши дејноста со субјект кој има договор прибележан во имотен лист од Агенција за катастар на недвижности за користење/стопанисување на основните средства или
- доказ дека е започната постапката за упис на правото на сопственост и/или евиденција во Агенцијата за катастар на недвижности.

Понудувачот го докажува исполнувањето на наведените минимални услови од точка V.4. алинеја 2 со доставување на следните документи:

- образец М1/М2, со кратка биографија за обезбедениот технички кадар.

Понудувачот го докажува исполнувањето на наведените минимални услови од точка V.4. алинеја 3 со доставување на следните документи:

- изјава потпишана од одговорното лице на понудувачот со која се докажува дека го има на располагање системот за контрола, одржување и отчитување на мерните уреди и преддоговор/договор за користење (ако не е во негова сопственост).

## VI. КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

6.1 Критериум квалитет кој опфаќа:

- безбедно и сигурно функционирање и управување со системот за дистрибуција на топлинска енергија и квалитет на испорака на топлинска енергија на крајните потрошувачи преку организациска структура и стручни лица кои ќе овозможат безбедно и сигурно функционирање и управување со системот за дистрибуција

на топлинска енергија изразено преку **бројот на извршители** кој се бодува на следниот начин:

- Минималниот број на извршители со ВСС (машински или електро инженери со горенаведеното искуство) од 15 лица се бодува со:

- 15 лица со 20 бода
-од 16-20 лица со 30 бода
-од 21-25 лица со 40 бода и
-над 25 лица со 50 бода

- Минималниот број на извршители со средно стручно образование (со горенаведеното искуство) коишто непосредно ракуваат со енергетските уреди и мрежни постројки со кои се врши дејноста се бодува со:

-50 лица со 20 бода
-од 51-60 лица со 30 бода
-од 61-70 лица со 40 бода
-над 70 лица со 50 бода

## VII. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

- **7.1 Појаснување на тендерската документација**

7.1.1 Понудувачот може да побара појаснување на тендерската документација од Владата/Комисијата за спроведување на постапката, исклучиво по електронска пошта на следната адреса за е-пошта: toplinska.energija@gs.gov.mk, најдоцна 6 (шест) дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.
7.1.2 Комисијата за спроведување на постапката ќе ги даде одговорите и бараните појаснувања на веб-страницата www.vlada.mk, без притоа да се идентификува понудувачот што побарал појаснување. Одговорите се објавуваат во најкус можен рок, но не подоцна од 5 (пет) дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

- **7.2 Измена и дополнување на тендерската документација**

7.2.1 Комисијата за спроведување на постапката го задржува правото најдоцна 5 (пет) дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, која веднаш ја објавува на веб- страницата www.vlada.mk.

- 7.2.2 За продолжување на крајниот рок, Комисијата ќе ги извести сите понудувачи преку објавување на веб-страницата на www.vlada.mk.

## VIII. ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

### 8.1 Содржина на понудата

8.1.1 Понудата треба да биде подготвена врз основа на оригиналната тендерска документација и да се состои од следниве елементи:

- пополнет образец на понуда,

- пополнет образец на листа на доверливи информации (ако нема доверливи информации, образецот не мора да се доставува),

- документи за докажување дека не постојат причини за исклучување од постапката наведени во точка V.1 од тендерската документација;

- документи за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност наведен во точка V.2 од тендерската документација;

- докази за утврдување на економската и финансиската способност наведени во точка V.3 од тендерската документација;

- докази за утврдување на техничката или професионалната способност наведени во точка V.4 од тендерската документација;

- банкарска гаранција на понудата, и

- договор за групна понуда (само за група понудувач).

8.1.2 Понудувачот понудата ја изготвува и доставува врз основа на образецот на понуда даден во оваа тендерска документација.

**8.2 Јазик на понудата**

8.2.1 Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставуваат на македонски јазик.

8.2.2 Печатената литература може да биде и на друг јазик. Договорниот орган го задржува правото во фазата на евалуација на понудите да побара од понудувачот да изврши превод на печатената литература која е поднесена на друг јазик.

**8.3 Период на важност на понудата**

8.3.1 Периодот на важност на понудата ќе изнесува 60 дена од денот на јавното отворање за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Доколку денот на отворањето на понудата е неработен, периодот на важноста на понудата се смета од наредниот работен ден. Понудите кои содржат покус период на важност од оној утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

48.3.2 Доколку Договорниот орган процени за потребно може да побара од понудувачот продолжување на периодот на важност на понудата.

**8.4 Гаранција на понудата**

8.4.1 Како дел од понудата понудувачот задолжително обезбедува гаранција на понудата во износ од 600.000 денари. Гаранцијата треба да биде безусловна, неотповиклива и наплатлива на прв повик.

8.4.2 Гаранцијата е во форма на банкарска гаранција. За Владата се прифатливи сите банки.

8.4.3 Гаранцијата треба да е поднесена во оригиналната форма. Копии не се прифаќаат. Гаранцијата мора да има рок на важност најмалку 14 дена по денот на истекот на важноста на понудата. Секоја понуда што не содржи гаранција на понудата или содржи гаранција на понудата која не е во согласност со условите во тендерската документација, ќе биде отфрлена од страна на Владата како неприфатлива.

8.4.4 Гаранцијата на понудата на неуспешните понудувачи се враќа во рок од 7 дена по изборот на вршител на дистрибуција на топлинска енергија со најповолниот понудувач.

Гаранцијата на понудата на избраниот понудувач се враќа во рок од 7 дена од денот на доставеното известување до Комисијата за спроведување на постапката дека е поднесено барање до Регулаторната комисија за енергетика за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија.

8.4.5 Гаранцијата на понудата може да се наплати, ако понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност или не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на Комисијата,

- не поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија во рок од 14 дена од денот на конечноста на одлуката за избор, и

- ако групата на понудувачи, чијашто понуда е избрана за најповолна, не се здружи во посебна правна форма, односно не го достави решението за упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија до Владата на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на конечноста на одлуката за избор.

**8.5 Форма и потпишување на понудата**

Понудувачот подготвува еден оригинален примерок кој го потпишува овластено лице на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

**8.6 Затворање и обележување на понудите**

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во затворен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.

Внатрешниот плик се приложува во затворен надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на Договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот,

- во горниот лев агол стои ознака „Не отворај“ Да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите“.

Доколку двата плика не се затворени и обележани како што се бара, Договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата. Понудите кои се отворени предвремено или оштетени и притоа може да се види нејзината содржина поради непридржување кон условите за затворање и обележување на истите, ќе се отфрлат како неуредни.

**8.7 Краен рок и место за поднесување на понудите**

8.7.1 Краен рок за доставување на понудите е 13.9.2022 година, во **14:00 часот**.

8.7.2 Понудите се поднесуваат на следнава адреса: **Влада на Република Северна Македонија, бул. Илинден бр.2, 1000 Скопје** со назнака „За постапка по јавен повик бр.04/2022".

8.7.3 Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, се отфрла како задоцнета и истата ќе му биде вратена на понудувачот неотворена.

## IX. ОТВОРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

**9.1 Отворање на понудите**

9.1.1 На јавното отворање на понудите може да присуствува секое заинтересирано лице.

9.1.2 Само овластените претставници на понудувачите можат да учествуваат во постапката на јавно отворање на понудите со давање на свои забелешки во записникот од отворањето на понудите.

9.1.3 Овластените претставници на понудувачот на јавното отворање мораат да носат овластување потпишано од одговорното лице на понудувачот. Сите овластени претставници на понудувачот, присутни на јавното отворање, треба да потпишат евидентен лист.

9.1.4 **Јавното отворање ќе се одржи на 13.9.2022** година, **во 14:00 часот, во просториите на Владата на Република Северна Македонија.**

9.1.5 Доставените понуди се отвораат и тоа: една по една, со читање на името на понудувачот, при што се констатира дали понудите се доставени според точка 8.7 од тендерската документација и дали се во оригинал, а потоа се пристапува кон читање на понудите по истиот редослед по кој тие се отворени. Ниту една понуда нема да биде отфрлена на отворањето на понудите, освен задоцнетите понуди.

9.1.6 Комисијата ќе пристапи кон јавно отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

9.1.7 Во текот на отворањето на понудите се води записник.

**9.2 Доверливост на процесот на евалуација на понудите**

9.2.1 Ниту една информација во врска со разгледувањето, оценката и споредбата на понудите во процесот на евалуација нема да им се откријат на понудувачите или на кои било други лица што не се службено вклучени во тој процес.

**9.3 Појаснување на понудите**

9.3.1 Во периодот на разгледување и оценување на понудите, Договорниот орган може да побара од кој било понудувач појаснување или дополнување на неговата понуда, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Барањето од Договорниот орган за појаснување и одговорот се во писмена форма, вклучително и преку е-пошта. Комисијата го утврдува рокот за доставување на дополнителното појаснување и дополнување кој не нема да биде покус од пет работни дена. Никаква промена на содржината на понудата нема да се бара, нуди или да се дозволува, освен за потврдување на коригирањето на аритметичките грешки што ги открил Договорниот орган при евалуацијата на понудите.

9.3.2 Секое појаснување доставено од страна на понудувачот во поглед на неговата понуда што не е дадено како одговор на барање од Договорниот орган, нема да се разгледува.

**9.4 Исправка на аритметички грешки**

9.4.1 Ако понудата е прифатлива и е составена и доставена во согласност со тендерската документација, Договорниот орган ги коригира аритметичките грешки на следниот начин:

- ако постои несовпаѓање меѓу зборовите и бројките, преовладува износот што е напишан со зборови.

9.4.2 Работната група ќе ги коригира грешките во понудата според опишаната постапка и таа ќе се смета обврзувачка за него.

9.4.3 Ако Понудувачот не ја прифати корекцијата на аритметичките грешки, понудата ќе биде отфрлена и ќе биде активирана гаранцијата на понудата.

## X. ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

Договорниот орган може да ја поништи постапката за избор на врштител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија за ако:

- не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда, или
- оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци
- поради непредвидени и објективни околности или
- избраниот понудувач најдоцна во рок од 14 дена од конечноста на одлуката за избор не поднесе барање до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција

топлинска енергегија со потребната документација согласно Правилникот за лиценци на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги

## XI. ПРАВНА ЗАШТИТА

**Незадоволните понудувачи на Одлуката за избор во законскиот рок може да покренат управен спор пред надлежен суд.**

## XII. ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

**12.1 Постапката за избор завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.**

### 12.2 Информации од доверлив карактер

Владата ќе ги заштити информациите кои понудувачот ги има означено како доверливи, особено кога станува збор за деловна тајна или права од интелектуална сопственост, освен во случаите каде по сила на закон Владата е должна да ги достави овие информации до надлежните органи (во случај на жалбена постапка, поведување на управен спор и слично). За таа цел, понудувачот треба да направи листа на доверливи информации со користење на Образецот на листа на доверливи информации во прилог на оваа тендерска документација, и истата да ја достави заедно со својата понуда.

Доколку понудувачот не ја достави листата на доверливи информации заедно со својата понуда, Владата ќе смета дека предметната понуда не содржи информации од доверлив карактер.

## XIII.ОБВРСКИ НА РЕГУЛИРАНИОТ ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Ако понудата на група понудувачи е избрана за најповолна, групата понудувачи е должна во рок од **8 (осум) дена** од денот на конечноста на одлуката за избор, да достави до Владата на Република Северна Македонија решение за упис во Регистарот на трговски друштва при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Избраниот понудувач е должен најдоцна во рок од 14 дена од денот на конечноста на одлуката за избор да достави до Владата на Република Северна Македонија копија од барањето за издавање лиценца поднесено до Регулаторната комисија за енергетика.

Со добивањето на лиценцата, вршителот на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија е должен да ги исполнува обврските утврдени во член 155 и член 156 од Законот за енергетика, од решението со кое се избира за вршител на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија и од лиценцата за вршење на енергетската дејност дистрибуција на топлинска енергија, а особено:

- Да ја одржува, надградува и проширува мрежата за дистрибуција на топлинска енергија во системот и е должен да:
    1) обезбеди сигурно, безбедно и доверливо функционирање на системот за

дистрибуција на топлинска енергија во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и условите утврдени во лиценцата;

2) го одржува, развива и кога тоа е економски исплатливо, да го проширува системот за дистрибуција, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и со плановите за развој на системот, усогласени со плановите и програмите за развој на енергетиката на единиците на локална самоуправа;

3) да ги приклучи производителите и потрошувачите на системот за дистрибуција со кој управува, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на системот за дистрибуција во согласност со овој закон и мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија, врз основа на начелата на објективност, транспарентност и недискриминација, со примена на цените и тарифите претходно одобрени и објавени од страна на Регулаторната комисија за енергетика;

4) обезбеди топлинска енергија потребна за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа и  да обезбеди системски услуги од регулираниот производител;

5) врши набавка, поставување и одржување на мерните уреди на излезните точки од производните постројки и во топлинските потстаници на коишто се приклучени објектите на потрошувачите и да врши мерење на топлинската енергија којашто се презема или испорачува од топлинскиот систем, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија;

6) ги преземе сите пропишани мерки за безбедност при користењето на системот за дистрибуција на топлинска енергија, како и мерките за заштита на животната средина;

7) ја испорача топлинската енергија од местата на приклучок на производните постројки до местата на приклучување на потрошувачите на системот (топлинска потстаница), во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и условите утврдени во лиценцата;

8) обезбеди квалитетна испорака на топлинската енергија преку системот за дистрибуција;

9) го усогласи работењето на системот со производителите заради непречено вршење на дистрибуција на топлинска енергија;

10) врши надзор и тестирање на системот за дистрибуција на топлинска енергија;

11) ја следи техничката и функционалната подготвеност на објектите за дистрибуција на топлинска енергија и

12) подготви долгорочна прогноза на побарувачката на топлинска енергија за потребите на регулираниот производител на топлинска енергија.

- Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија ја откупува топлинската енергија произведена од производителите приклучени на системот за дистрибуција на топлинска енергија со кој управува.
- Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика е должен да склучи договор со регулираниот производител на топлинска енергија со времетраење не покусо од една

година за:

1) обезбедување на системска резерва;

2) системски услуги за обезбедување на потребните работни параметри во системот за дистрибуција на топлинска енергија;

3) топлинска енергија за покривање на загубите во системот за дистрибуција и

4) обезбедување на топлинска енергија за задоволување на побарувачката на потрошувачите.

- Со договорот од алинеја 3 особено се уредува:

  1) начинот и постапката за обезбедување на системската резерва и системските услуги, во согласност со мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија и

  2) начинот на плаќање на услугите и топлинската енергија коишто регулираниот производител ги обезбедува за системот за дистрибуција на топлинска енергија.
- Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија е должен да ја откупува топлинската енергија испорачана од производителот на топлинска енергија во системот за дистрибуција на топлинска енергија, доколку цената на топлинската енергија понудена од производителот е пониска од цената за топлинската енергија на регулираниот производител.
- Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика е должен да склучи договори со снабдувачите со топлинска енергија за продажба на топлинска енергија наменета за потребите на потрошувачите.
- Цената по која операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија ја продава топлинската енергија на снабдувачите се пресметува како пондерирана цена одредена врз основа на процентуалните удели на енергијата од регулираниот производител и енергијата од другите производители и во неа е вклучен и надоместокот за обезбедување на системска резерва и системските услуги што ги обезбедува регулираниот производител.
- Операторот на системот за дистрибуција на топлинска енергија е должен да ја достави до Регулаторната комисија за енергетика целокупната документација во врска со исполнување на договорите со производителите и снабдувачите со топлинска енергија, како и финансиските извештаи и ревидираните финансиски извештаи изработени од овластен ревизор, извештаите за работењето и други податоци, во согласност со условите пропишани со лиценцата издадена од Регулаторната комисија за енергетика.

**ПРИЛОГ 1**

**ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА**

(Назив на правно лице, архивски број, датум и место)

Во врска со јавниот повик бр.04/2022, објавен од Владата на Република Северна Македонија, на ден 25.08.2022 за избор **на вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија**, ја поднесуваме следнава:

**ПОНУДА**

**I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

1. Назив на правно лице: ______________________________________________

2. Контакт информации

- Адреса: ________________________________________________________
- Телефон: ______________________________________________________
- Факс: ________________________________________________________
- Е-пошта: ______________________________________________________
- Лице за контакт: ______________________________________________

(лице кое ке биде задолжено за реализација)

3. Одговорно лице: ________________________________________________

4. Даночен број: ____________________________________________________

5. Матичен број ____________________________________________________

**II. ТЕХНИЧКА ПОНУДА**

Со поднесување на оваа понуда изјавувам дека:

- компанијата има вработено

  - Најмалку___________ лица, машински или електро инженери и
  - најмалку _________ лица со средно стручно образование

- најдоцна во рок од 14 дена од денот на конечноста на одлуката за избор ќе поднесеме барање до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност-дистрибуција на топлинска енергегија со потребната документација согласно Правилникот за  лиценци на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.

- во целост ги прифаќаме условите предвидени во јавниот повик и не го оспоруваме вашето право да ја поништите постапката.

**Одговорно лице на понудувачот**

-------------------------------------

*Понудата ја потпишува одговорно лице на правното лице

**ПРИЛОГ 2**

## ОБРАЗЕЦ НА ЛИСТА НА ДОВЕРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ

| Информации кои се доверливи | Бројот на страниците со тие информации | Причини за доверливост на тие информации | Временски период во кој тие информации ќе бидат доверливи |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**ПРИЛОГ 3**

# ПРЕГЛЕД НА ПАЗАРОТ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ

Во Република Северна Македонија активни системи за централно греење има само на територијата на градот Скопје, на чие подрачје функционираат следните три системи:

(а) Системот за централно греење со кој управува Балкан енерџи груп АД Скопје, којшто е најголем и на кој во текот на 2021 година беа приклучени над 56 илјади потрошувачи со вкупна ангажирана моќност од 501 MW.

(б) Системот за централно греење на АД ЕСМ, Подружница Енергетика, со приклучени над 3.900 потрошувачи со вкупна ангажирана моќност од околу 50 MW.

(в) Системот за централно греење на Скопје-Север АД Скопје со приклучени околу 500 потрошувачи со 8 MW вкупна ангажирана моќност.

На пазарот на топлинска енергија во 2021 година вршители на регулираните енергетски дејности лоцирани на територијата на градот Скопје се:

- Производство на топлина БЕ ДООЕЛ Скопје,
- Дистрибуција на топлина БЕ ДООЕЛ Скопје, чиј систем за дистрибуција на топлинска енергија е прикажан на слика 4.1,
- Снабдување со топлина БЕ ДООЕЛ Скопје,
- АД ЕСМ, Подружница Енергетика и
- Скопје- Север АД Скопје.

Друштвата во сопственост на Балкан енерџи груп АД Скопје, во 2021 година, го управуваат најголемиот систем за централно греење во Република Северна Македонија. Производството на топлинска енергија се врши со основни средства кои со договор за закуп се преземени од Топлификација АД Скопје во 2012 година. Во 2021 година во стечајна постапка недвижниот имот во ТО Исток и ТО Запад, сопственост на стечајниот должник Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија Топлификација АД во стечај - Скопје се продадени на купувачот Друштво за производство, трговија, услуги и градежништво Адора инженеринг ДОО.

Дистрибуцијата на топлинската енергија се врши со основни средства кои со договор се закупени од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје во 2012 година.

На сликата даден е приказ на системот за дистрибуција на топлинска енергија на Дистрибуција на топлина БЕ ДООЕЛ - Скопје.



*Приказ на системот за дистрибуција на топлинска енергија на Дистрибуција на топлина БЕ ДООЕЛ Скопје*

## ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

На територијата на градот Скопје во функција се три регулирани производители на топлинска енергија и еден на дистрибуција на топлинска енергија.

Капацитетите за производство на топлинска енергија на Производство на топлина БЕ ДООЕЛ - Скопје се:

- Топлана Исток со производен капацитет од 279 MW, лоцирана во источната индустриска зона на градот,
- Топлана Запад, со производен капацитет од 171 MW, лоцирана во населба Тафталиџе, и
- Топлана 11 Октомври, со производен капацитет од 28 MW, лоцирана во населба Кисела Вода.

Вкупниот активен производен капацитет на топланите со кои управува Производство на топлина БЕ ДООЕЛ - Скопје е 478 MW. За производство на топлинска енергија се користи природен гас.

Комбинираниот производител на топлинска и електрична енергија ТЕ-ТО АД Скопје има производен топлински капацитет од 160 MW, како нерегулиран производител на топлинска енергија.

АД ЕСМ Скопје, Подружница Енергетика, располага со вкупен производен капацитет од 96 MW. Во 2018 година АД ЕСМ - Скопје стана сопственик на комбинираната постројка на топлинска и електрична енергија со производен топлински капацитет од 13,5 MW, којашто претходно беше во сопственост на КОГЕЛ СТИЛ ДОО Скопје.

Скопје-Север АД - Скопје произведува  топлинска енергија преку два котла од по 23 MW, односно има вкупен производен капацитет од 46 MW.

Во табелата е даден табеларен преглед на производствените капацитети за топлинска енергија.

*Производствени капацитети за топлинска енергија*

| Компанија | Топлана/Котел | Гориво | Технологија | Моќност [MW] |
|---|---|---|---|---|
| БЕ Производство | ТО Исток | природен гас | ТО | 279,12 |
| БЕ Производство | ТО Запад | природен гас | ТО | 170,97 |
| БЕ Производство | ТО 11 Октомври | природен гас | ТО | 28,21 |
| ТЕ-ТО Скопје | ТЕ-ТО Скопје | природен гас | ТЕ-ТО | 160 |
| ЕСМ | ЕСМ Енергетика К1 | природен гас | ТО | 32 |
| ЕСМ | ЕСМ Енергетика К2 | природен гас | ТО | 32 |
| ЕСМ | ЕСМ Енергетика К3 | природен гас | ТО | 32 |
| ЕСМ | ТЕ-ТО КОГЕЛ ТЕ | природен гас | ТЕ-ТО | 13.58 |
| СКОПЈЕ СЕВЕР | Скопје Север К1 | природен гас | ТО | 23 |
| СКОПЈЕ СЕВЕР | Скопје Север К2 | природен гас | ТО | 23 |

Вкупниот капацитет за производство на топлинска енергија изнесува 793,88 MW, додека ангажираниот капацитет кај корисниците изнесува околу 508 MW, што дава можност за приклучување на нови потрошувачи на топлинска енергија.

Количеството на произведена топлинска енергија зависи од временските услови и вообичаено, најголемо производство се остварува во декември и јануари.

*Произведена топлинска енергија по месеци и производители во 2021 година (kWh)*

| Месец | Производство БЕ | ТЕТО Скопје | ЕСМ Енергетика | Скопје Север | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| јануари | 36.590.900 | 83.386.200 | 12.512.000 | 1.752.000 | 134.241.100 |
| февруари | 29.669.698 | 67.492.200 | 10.416.000 | 1.466.000 | 109.043.898 |
| март | 21.928.900 | 73.883.200 | 9.343.000 | 1.462.000 | 106.617.100 |
| април | 50.115.698 | 959.700 | 4.804.000 | 782.000 | 56.661.398 |
| октомври | 29.660.699 | 26.426.000 | 5.698.000 | 760.000 | 62.544.699 |
| ноември | 44.392.800 | 33.327.600 | 5.506.000 | 1.096.000 | 84.322.400 |
| декември | 49.499.600 | 72.378.900 | 9.171.000 | 1.691.000 | 132.740.500 |
| **Вкупно** | **261.858.295** | **357.853.800** | **57.450.000** | **9.009.000** | **686.171.095** |

Вкупно произведената топлинска енергија по месеци и по производители во 2021 година е дадена на графиконот.




*Произведена топлинска енергија по месеци и производители во 2021 година (kWh)*

Сите производители на топлинска енергија како гориво го користат природниот гас, што има позитивен придонес во однос на еколошкиот аспект. Во табелата е даден преглед на потрошувачката на природен гас по производител и по месеци во 2021 година.

*Потрошувачка на природен гас по месеци и производители во 2021 година ($nm^3$)*

| Месец | Производство БЕ | ЕСМ Енергетика | Скопје Север | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| јануари | 3.825.433 | 1.387.189 | 207.170 | 5.419.792 |
| февруари | 3.148.890 | 1.155.541 | 171.433 | 4.475.837 |
| март | 2.279.292 | 1.036.053 | 170.806 | 3.486.151 |
| април | 5.172.000 | 532.843 | 89.578 | 5.794.421 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| октомври | 3.233.466 | 452.258 | 88.216 | 3.773.940 |
| ноември | 4.772.436 | 879.180 | 129.936 | 5.781.552 |
| декември | 5.354.009 | 1.379.481 | 200.508 | 6.933.998 |
| **Вкупно** | **27.785.526** | **6.822.519** | **1.057.647** | **35.665.692** |

*Количеството на природен гас во ЕСМ Енергетика е пресметано, а не измерено.

Испорачаната топлинска енергија и потрошените количества на природен гас се во тесна корелација со остварените надворешни температури во периодот на грејната сезона од октомври до април.




*Остварените надворешни температури во грејна сезона во периодот од 2011 до 2021 година*

Во 2021 година просечната надворешна температура за грејна сезона била 6,34°C, и е приближно еднаква со просечната прогнозирана температура од 6,23°C.

## ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

На територијата на градот Скопје активните системи за дистрибуција на топлинска енергија се управувани од:

- Дистрибуција на топлина БЕ ДООЕЛ - Скопје,
- АД ЕСМ – Подружница Енергетика и
- Скопје-Север АД Скопје.

Енергетскиот биланс за преземени и испорачани количества на топлинска енергија, изразена во MWh од страна на дистрибутерите по месеци во 2021 година, е дадена во табелата

*Енергетски биланс на дистрибутерите на топлинска енергија по месеци и компании во 2021 година (во kWh)*

| Дистрибуција БЕ | јануари | февруари | март | април | октомври | ноември | декември | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Влез | 119.977.100 | 97.161.900 | 95.812.100 | 51.075.400 | 56.086.700 | 77.720.400 | 121.878.500 | **619.712.110** |
| Излез | 107.945956 | 88.672.140 | 86.153.404 | 46.109.786 | 47.114.968 | 69.473.636 | 107.400.386 | **552.870.276** |
| Реализирани загуби | 10,03% | 8,73% | 10,08% | 9,72% | 16,00% | 10,61% | 11,88% | **10,78%** |
| **ЕСМ Енергетика** | **јануари** | **февруари** | **март** | **Април** | **октомври** | **ноември** | **декември** | **Вкупно** |
| Влез | 12.512.000 | 10.416.000 | 9.343.000 | 4.804.000 | 5.698.000 | 5.506.000 | 9.171.000 | **57.450.000** |
| Излез (пресметковно) | 11.010.560 | 9.166.080 | 8.221.840 | 4.227.520 | 5.014.240 | 4.845.280 | 8.070.480 | **50.556.000** |
| Загуби | 12,00% | 12,00% | 12,00% | 12,00% | 12,00% | 12,00% | 12,00% | **12,00%** |
| **Скопје Север** | **јануари** | **февруари** | **март** | **Април** | **октомври** | **ноември** | **декември** | **Вкупно** |
| Влез | 1.752.000 | 1.466.000 | 1.462.000 | 782.000 | 760.000 | 1.096.000 | 1.691.000 | **9.009.000** |
| Излез | 1.535.036 | 1.233.384 | 1.195.071 | 589.622 | 554.296 | 861.481 | 1.601.030 | **7.569.920** |
| Реализирани загуби | 12,38% | 15,87% | 18,26% | 24,60% | 27,07% | 21,40% | 5,32% | **15,97%** |

Во Табела се прикажани преземените и испорачаните количества на топлинска енергија од страна на дистрибутерите на топлинска енергија, како и реализираните загуби од нивна страна во 2021 година. Регулаторната комисија за енергетика, во согласност со Правилникот за регулирање на цени на топлинска енергија, одобрува најмногу до 12 % загуби во системите за дистрибуција на топлинска енергија.

Согласно ГИС евиденцијата на Дистрибуција на топлина БЕ ДООЕЛ, вкупната должината на дистрибутивната мрежа, вклучително и должината од приклучните места до објектите, заклучно со 31.12.2021 година, изнесува 230 km. За останатите два дистрибутери должината на дистрибутивната мрежа, исто така, е дадена во следната табела.

*Должина на дистрибутивна мрежа (во km)*

| Дистрибутер | Должина на дистрибутивна мрежа |
|---|---|
| Дистрибуција БЕ | 230 |
| ЕСМ Енергетика | 39 |
| Скопје Север | 10 |
| **Вкупно** | **279** |

## СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Снабдувачи со топлинска енергија се Снабдување со топлина БЕ ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Енергетика и Скопје Север АД Скопје. Во Табелата прикажан е бројот на потрошувачи на топлинска енергија по категорија и снабдувач во декември 2021.

*Број на потрошувачи на топлинска енергија по категорија и снабдувач (декември 2021)*

| Снабдувач | Домаќинства | Образование | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Снабдување БЕ | 55.687 | 98 | 1.021 | 56.806 |
| ЕСМ Енергетика | 3.843 | 18 | 63 | 3.924 |
| Скопје Север | 488 | 8 | 8 | 504 |
| **Вкупно** | **60.018** | **124** | **1.092** | **61.234** |

Најголемиот број на потрошувачи на топлинска енергија, или 56.806 заклучно со декември 2021, се снабдувани од страна на Снабдување со топлина БЕ ДООЕЛ Скопје, и тоа претставува 92,8 % од вкупниот број од 61.234 потрошувачи. Следниот снабдувач е ЕСМ Енергетика, којшто снабдува 3.924 потрошувачи, и најмал снабдувач е Скопје-Север АД Скопје со 504 потрошувачи.

Најголемиот број на потрошувачи се од категоријата домаќинства, но имајќи предвид дека ова се мали потрошувачи, значителен дел од потрошувачката на топлинска енергија припаѓа на категоријата на потрошувачи останати и образование.




*Удел на испорачани количества на топлинска енергија по категории н потрошувачи во 2021 година*

Категоријата на потрошувачи домаќинства учествува со 76 % од испорачаната топлинска енергија, потоа следува категоријата потрошувачи останати со 18 % и на крај е категоријата образование со 6 %.

*Испорачана топлинска енергија по категорија и снабдувач*

| Снабдувач | Домаќинства | Образование | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Снабдување БЕ | 424.221,292 | 23.979.877 | 104.368.440 | 552.569.609 |
| ЕСМ Енергетика | 37.411.440 | 7.077.840 | 6.066.720 | 50.556.000 |
| Скопје Север | 3.685.426 | 2.160.395 | 1.724.099 | 7.569.920 |
| **Вкупно** | **465.318.158** | **33.218.112** | **112.159.256** | **610.695.529** |

За ЕСМ Енергетика количината на енергија кон крајните потрошувачи е пресметана, а не измерена.

Уделот на снабдувачите во вкупно испорачаната топлинска енергија е претставена на графиконот.




*Удел на снабдувачите во вкупно испорачаната топлинска енергија во 2021 година*

Од графиконот може да се забележи дека Снабдување со топлина БЕ ДООЕЛ Скопје има најголемо учество од 91 % во вкупно испорачаните количества на топлинска енергија. Потоа следува системот на АД ЕСМ Подружница Енергетика, со учество од 8 %, и на крај е Скопје-Север со учество од 1 % во вкупно испорачаните количества на топлинска енергија.




*Испорачана топлинска енергија по месеци и снабдувач во 2021 година*

Соодветно на најголемото производство на топлинска енергија и најголемата испорака на топлинска енергија е во јануари и декември, кога и температурите се најниски.

Испорачаните количества на топлинска енергија во изминатите 10 години по снабдувач се претставени на графиконот.




*Испорачана топлинска енергија по снабдувач во изминатите 10 години*

### ЦЕНИ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА

Во согласност со Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19, 161/20 и 159/21) Производство на топлина БЕ ДООЕЛ Скопје, Дистрибуција на топлина БЕ ДООЕЛ Скопје и

Снабдување со топлина БЕ ДООЕЛ Скопје на ден 27.5.2022 година до Регулаторната комисија за енергетика поднесоа редовни барања за корекција на одобрениот максимален приход. Исто така, во согласност со Правилникот, барања поднесоа и Скопје-Север АД Скопје и АД ЕСМ Скопје - Подружница Енергетика.

На 29.7.2022 година Регулаторната комисија за енергетика донесе пет одлуки по барањата на претпријатијата. Податоци за тарифите за топлинска енергија и ангажираната топлинска моќност за одделните снабдувачи се дадени во табелата.

*Тарифи за топлинска енергија по снабдувачи донесени на 29.07.2022 година*

| Снабдувач | Домаќинства | | Образование | | Останати | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ден./kWh | ден/kW/год | ден./kWh | ден/kW/год | ден./kWh | ден/kW/год |
| Снабдување со топлина БЕ ДООЕЛ | 2,7633 | 1.673,0567 | 5,2504 | 3.178,8078 | 5,2504 | 3.178,8078 |
| ЕСМ Енергетика | 4,5384 | 2.593,7119 | 7,7152 | 4.409,3102 | 8,6229 | 4.928,0526 |
| Скопје Север | 5,4389 | 2.315,4805 | 10,3621 | 4.411,4534 | 10,3621 | 4.411,4534 |

За споредба на надоместокот на топлинска енергија и неговата промена кај постојните снабдувачи со топлинска енергија, како пример се користи модел на стандарден стан со грејна површина од 50 $m^2$, просечна годишна потрошувачка на топлинска енергија од 7.500 kWh и ангажирана моќност од 6,25 kW.

*Преглед на просечен надоместок за топлинска енергија за категорија домаќинства за Снабдување со топлина БЕ ДООЕЛ, АД ЕСМ Скопје, Подружница Енергетика и Скопје Север АД Скопје за 2020, 2021 и 2022 година*

| Снабдувач | 2020 год.[ден] | 2021 год.[ден] | 2022 год.[ден] | 22/20(%) | 22/21(%) |
|---|---|---|---|---|---|
| Снабдување со топлина БЕ ДООЕЛ | 20.849 | 19.942 | 31.182 | 49,56% | 59,36% |
| ЕЛЕМ Енергетика | 19.356 | 19.246 | 52.039 | 168,85% | 170,39% |
| Скопје Север | 22.449 | 22.168 | 55.263 | 146,17% | 149,29% |

Во грејната сезона 2021/2022 поради енормното зголемување на огромното покачување на набавната цена на природниот гас Регулаторната комисија за енергетика во два наврати изврши вонредна промена на цената на топлинската енергија и тоа во декември 2021 и во јануари 2022, а во јули 2022 се изврши редовната промена на цената на топлинска енергија.

Историските податоци во однос на просечниот надоместок за топлинска енергија за Снабдување со топлина БЕ ДООЕЛ се прикажани на следниот графикон.




*Промена на надоместокот за топлинската енергија за период 2010 - 20222 година за Снабдување со топлина БЕ ДООЕЛ*

Како што може да се заклучи од графиконот, после долг период на намалување на цените на топлинската енергија и нивно одржување на стабилно ниво, во изминатиот период имаме зголемување, пред се поради огромниот скок на цената на природниот гас на меѓународните пазари. Со цел одржување на ценовна стабилност и сигурност во снабдувањето со топлинската енергија, најголемото зголемување е извршено кај категориите на потрошувачи - останати и образование, додека кај домаќинствата истото е помало.